ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ

НОВУС

# Наративен и финансиски извештај
# Центар за истражување и анализи НОВУС Струмица
# за
# 2021 година

# 1. „Use your Power“- Erasmus+

## Наративен извештај

“Use your Power” е проект кој е финансиран во рамки на програмата Еразмус+ на Европската Комисија. Истиот е доделен од страна на Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност во делот на “Образование и млади – КА105- проекти за мобилност на млади и младински работници” со вкупен буџет од 15.932 €.

Партнери на овој проект беа организациите : Elios- Италија, Fund Acija Studentski Tolar- Словенија, Asociatia De Tineret Onix- Романија и IRSE – Полска кои учествуваа со свои учесници во проектот и на младинската размена која се одржа во Струмица. Размената се реализираше во месец 08/2021 во Струмица и траеше 7 дена, каде учествуваа вкупно 40 учесници, по 7 учесници од сите 5 земји партнери во овој проект и 5 учесници од проектниот тим на НОВУС.

Целите на овој проект беа:

- Познавање на концептите на активно граѓанство, партиципативна демократија, основни човекови права;
- Познавањена состојбите во различни европски земји и заедници со фокус на Северна Македонија, Италија, Словенија, Полска и Романија ( предизвик, пристапи и политики);
- Откривање и споделување на добри практики и примери на граѓански активизам;
- Обука за граѓанско ангажирање и застапување во матичните заедници;
- Предности на неформалното образование, интеркултурно учење и комуникација, социјално вклучување;

## Финансиски извештај

**Целосен буџет на проектот**

| | |
|---|---|
| Патни трошоци за учесници | 7700 € |
| Трошоци за организациска поддршка | 8232 € |

**Реализирани трошоци од буџетот на проектот во 2021 година:**

| | |
|---|---|
| Патни трошоци за учесници од матична земја до Македонија | 5450 € - 334,870 МКД |
| Патни трошоци во Македонија и за време на размената | 55,000 МКД |
| Сместување и полн пансион за 40 учесници за 7 ноќевања | 228,874 МКД + 6,700 МКД = 235,574 МКД |
| Банкарска провизија | 3,561 МКД |
| Трошоци за материјали | 7,561 МКД |
| Мајци за учесници | 9,679 МКД |
| Проектен тим | 140,000 МКД |
| **Вкупно** | **786,245 МКД** |

# 2. Платформа за инвестиции во заедницата – ПИЗ Community Investment Platform – PIZ

## Наративен извештај

Проект во времетраење од 48 месеци финансиран од страна на Европската Комисија во рамки на програмата ИПА програмата за граѓанско општество и програма за медиуми 2018-2019 година. Проект кој ќе се реализира во партнерство со Фондацијата за развој на образование и култура Албиз од Скопје, Здружението Мултикултура од Тетово и Здружение Центар за одржлив развој на заедницата од Дебар. Главна цел на овој проект е унапредување на капацитетот на локалните граѓански организации за градење меѓусекторски иницијативи кои имаат за цел социо-економски развој на заедницата во земјата.

Целта на платформата која ќе биде креирана во овој проект е да создаде општество со одржлив граѓански сектор и општествено одговорни компании каде граѓанските организации и деловниот сектор, преку однос на доверба и меѓусебна соработка на иновативен начин ќе носат позитивни општествени промени во нашата држава.

Проектот и неговите активности ќе се осврнат на основниот недостаток што го ограничува основниот развој на заедницата во земјата- отсуство на доверба меѓу секторите и управување со квалитетот. Граѓанските организации ќе бидат обучени и вмрежени, меѓу себе како и со деловниот и јавниот сектор за тоа како да се развиваат, финансираат и спроведуваат проекти во заедницата.

**Реализирани активности во периодот на 2021 година:**

- Месечни координативни средби за конципирање на конструкцијата, дизајнот, функционалностите на платформата;
- Реализирана средба со граѓанскиот и јавниот сектор од Струмичкиот и Југоисточниот регион за промоција на платформата и собирање на пристапници за истата;
- Собрани 30 пристапници од граѓански организации и компании за членство во платформата;
- Спроведено истражување за меѓусекторската соработка помеѓу граѓанскиот, бизнис и јавниот сектор на територија на Југоисточниот плански регион, како дел од целокупното истражување на територијата на целата земја;
- Реализирана средба со бизнис сектор и јавен сектор од Југоисточниот плански регион за промовирање на резултатите од спроведеното истражување, платформата како и идниот повик за регрантирање.
- Реализирана средба со граѓанскиот, бизнис и јавниот сектор, каде говорници беа луѓе претставници од трите сектори кои веќе во пракса имаат резултати од спроведување на оваа меѓусекторска соработка, финансирање на иницијативи на граѓанскиот сектор од бизнис секторот, заеднички проекти и активности.
- Средба со градоначаникот на Општина Струмица и претставници од општината заради заедничка соработка и настап во овој регион за промовирање на овој концепт на меѓусекторска соработка, дефинирање конкретни активности и чекори каде општината може да се вклучи и потпишување на официјален Меморандум за соработка.

# Финансиски извештај

**Реализирани трошоци од буџетот на проектот во 2021 година:**

| | |
|---|---|
| Плати на проектен тим | 257,864 МКД |
| Патни трошоци за реализација на активности | 25,137 МКД |
| Канцелариски материјали и трошоци | 14,965 МКД |
| Трошоци за организација на настани, кетеринг, изнајмување на сала. | 137,000 МКД |
| **Вкупно** | **434,966 МКД** |

# 3. The future we want III Parallel lives!

Проект спроведуван во партнерство со ЦИД Куманово, Здружение за развој и активизам АКВА Струга и Унијата на средношколци на Македонија , каде преку заеднички активности учесниците ќе ги идентификуваат потенцијалните ризици и последици од сегрегацијата во училиштата бидејќи немаат можност да се запознаат со “Другото- другиот” ќе научат како даги препознаваат и да ги надминат стереотипите и предрасудите. Проектот е продолжение на претходните 2 години каде во 2021 ќе се почне поблиска соработка со училиштата во општините каде се реализира проектот.

**Реализирани активности во периодот на 2021 година:**

- Локална работилница за млади во времетраење од еден ден, каде учествуваа 20 млади луѓе за интеркултурно учење, стереотипи и предрасуди, како и нивна припрема за учество на Мировниот Камп во Струга.
- Мировен камп во времетрање од 5 дена каде од Општина Струмица учествуваа 8 млади луѓе, заради подлабоко навлегување во темите кои беа започнати на локалната работилница;
- Локална акција организирана од самите 8 учесници од Мировниот Камп во Струга. Акцијата беше организација на фудбалски натпревар помеѓу момчиња и девојчиња, со цел адресирање на родовата еднаквост и промоција на еднакви права во сите сфери на општественииот живот. Во спортскиот натпреват покрај организаторите, беа вклучени уште 40 други млади луѓе.

# Финансиски извештај

Овој проект немаше финансиски импликации врз работењето на нашата органзација,бидејќи сите трошоци како организација на работилницата, локален координатор, тренери, ментори, патни трошоци, трошоци за организација на локална акција беа на товар на водечкиот партнер.

# 4. Истражување “Иднината на младите во струмичкиот микрорегион” – Центар за јавни политики

Истражување кое го спроведуваа НОВУС на територија на Струмичкиот микро-регион и Dialogue - Center for Deliberative Democracy во Прилепскиот микро-регион во рамки на проектот Центар за јави политики имплементиран од страна на Здружението ЗМАИ, а финансиран од страна на Цивика Мобилитас. Истражувањето беше на тема “Иднината на младите во Струмичкиот микрорегион”, со цел јасно утврдување на состојбата на младите од аспект на економските услови и животниот стандард, иселувањето, можностите за квалитетно образование и работа, културниот и забавниот живот, социјалниот живот и благосостојба. Во истражувањето беа опфатени 180 млади луѓе кои живеат на територија на Струмичкиот микрорегион, односно општините Струмица, Василево, Босилово и Ново Село.  На крај сите добиени податоци беа преточени во мошне значаен документ кои јасно ги одредуваат моменталните состојби на младите во овие општини за опфатените аспекти, како и заклучоци и идни насоки што треба да се прави и како да насочуваат младите за да се подобрат тие состојби.

## Финансиски извештај

Овој проект немаше финансиски импликации врз работењето на нашата органзација,бидејќи сите трошоци за ангажирање на анкетари, истражувачи беа на товар на водечкиот партнер.

# 5. Партнерски Erasmus+ проекти во 2021

Во текот на 2021 година, Центар за истражувања и анализи НОВУС, беше партнер на два Erasmus+ проекти и тоа:

- **“E+ Heritage“** младинска размена, на која присуствуваа 6 млади од нашата организација. Оваа младинска размена имаше за цел запознавање на младите со националното и европското културно наследство. Проектот беше имплементиран во Гудевица Бугарија во периодот од 27.06 до 05.07. Партнерски организации: Arteam `(Бугарија – водечки партнер), NA VISOS (Србија), Sosyal Inovasyon (Турција) и CIA NOVUS (Северна Македонија).
- **“Say NO to Discrimination”** тренинг курс за младински работници. На овој тренинг курс за младински работници присуствуваа две младински работнички од нашата организација. Тренинг курсот се одржа од 27.09 до 03.10, во Марибор Словенија.
- Партнерски организации: Fundacija Študentski tolar (Словенија – водечки партнер), IRSE (Полска), Elios (Италија), Social inclusion (Грција) и CIA NOVUS (Северна Македонија).

## Финансискиизвештај

Овие проекти немаа финансиски импликации врз работењето на нашата органзација,бидејќи сите трошоци поврзани со активностите беа на товар на водечките партнери.

# 6. Активности спроведени од нашите волонтери, активисти и членови

Во текот на 2021 година, Центар за истражувања и анализи НОВУС, нашите волонтери и членови организираа повеќе активности во и со соработка со Europe House Струмица, кои имаа за цел да го подобрат севкупниот личен и професионален развој на младите од регионот преку неформална едукација, организирање на културно - забавни, едукативни, запознавање на основните човекови права, недискриминација, интеркултурен и интеррелигиски дијалог како и настани за подобрување на општата благосостојба и развој на млади.

- **"Activism in time of global pandemic"** - Дискусија каде што беа опфатени вкупно 18 млади, како говорници на настанот беа членови и активисти на ЦИА НОВУС. Оваа дискусија беше одржана на 4ти март во Europe House Strumica.
- **"Human Rights Bingo"** - Работилница за запознавање на човековите правакоја беше организирана во соработка со Europe House Strumica. Работилницата имаше за цел да ги доближи до младите концептите на нивните основни човекови права гарантирани со Универзалната декларација за човекови права и Европската декларација за човекови права. На оваа работилница младите учесници имаа можност преку симулации и различни иновативни методи да ја разберат важноста од познавање и почитување на нашите и правата на другите на која како модератори се најдоа Абдуљ Амедов и Ана Клесова. Оваа работилница опфати 10 млади и беше одржана на 29 јули.
- **„Запознајте ги вашите соседи"** - Работилница и настан на кој младите ќе имаат можност преку симулациски игри и иновативни методи да научат повеќе за мултикултурализмот, меѓукултурниот и меѓурелигискиот дијалог. Преку работилницата беа опфатени вкупно 14 млади од Струмичкиот регион и истата беше одржана на 16 август.
- **"Erasmus+ Info session andCompetence Hunt"-** Спроведена инфо сесија и работилница за промоција на Erasmus+ програмата и компетенциите кои се стекнуваат преку истата. Оваа година одбележувањето на "Erasmus days"бепе фокусирано на целите на новата програма Еразмус+ 2021-2027 година. Приоритет исто така беше даден на темите за инклузија, заштита на животната средина, дигитална трансформација и учество во демократскиот живот и учество во заедницата. "Erasmus days"беа одбележани на 15 октомври и преку истите активности беа опфатени 20 млади.
- „**Млади промотори на културното наследство**" –Работилници организирани од млади волонтери на ЦИА НОВУС кои учествуваа на младинската размена "E+ heritage" во Гудевица Бугарија. Преку оваа работилница која ја организираа нашите волонтери тие го споделија искуството стекнато на младинската размена во однос на европската култура и историја покрај подигање на свеста на јавноста за многуте вредности на заедничкото европско културно наследство и континуираната потреба од негова заштита.Оваа работилница беше одржана на 29 септември во Europe House Strumica и на истата присуствуваа 9 млади.
- **"Peer to peer education on mental health, self-care and self-knowledge**" – Во чест на интернационалниот ден на менталното здравје нашите волонтери Ана Марија Јованова и Данче Кирова одржаа дводневна работилница на 6 и 7 октомври во просториите на Europe House Strumica, која имаше за цел подигање на свеста за менталното здравје. На првата дводневна работилница присуствуваа вкупно 18 млади средношколци, и поради големиот интерес за работилниците од страна на младите, истите дводневни работилници се одржаа и во трите средни училишта во Струмица со тоа што беа опфатени дополнителни 75 млади од Струмичкиот регион. Останатите работилници беа имплементирани со следниот редослед: 16 и 17ноември СОУ „Јане Сандански" Струмица, 3 и 4 декември СОУ „Димитар Влахов" Струмица и 6 и 7 декември СОУ „Никола Каре" Струмица.

# Финансискиизвештај

Овие проекти немаа финансиски импликации врз работењето на нашата органзација,бидејќи повеќето од активностите беа имплементирани волонтерски или за истите активности трошоците за поврзани со имплементацијата беа на товар на Europe House Струмица.